МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# 2011

## Годишен извештај

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# Содржина


3 **Визија и мисија**

**Цели и методи**

4 **Порака од раководството**

5 **Промена на раководството**

СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

6 **Модернизација на образованието**

Реновирањето заврши – радоста ќе трае!

7 **Пристап на Ромите до фондови**

Подготовка за аплицирање за фондовите на ЕУ

8 **Развиени мали и средни претпријатија**

Раководење со МРФП

ПРИФАТЕНА КУЛТУРНА РАЗНОЛИЧНОСТ, МЕЃУЗАВИСНОСТ И ДИЈАЛОГ

9 **Македонија – модел за дијалог на културите**

Во Македонија и не е толку лошо!

ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

10 **Градење капацитети за пелагонискиот плански регион**

Регионално и меѓународно презентирање на бизнис можностите

11 **Форуми во заедниците**

Ќе се реконструира главната улица во Крива Паланка

ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ПАРТИЦИПАЦИЈА И ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ КОН ЛУЃЕТО

12 **Добро управување во Македонија**

Три стратегии за соработка на општините со граѓанските организации

Мојот избор 2011

ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

14 **Институционален развој на граѓанското општество**

„Долг пат до поголем граѓански ангажман“

Истражувања за граѓанското општество

ПОДДРЖАН ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИ ПРОЦЕС И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

16 **Раководење со БЦСДН**

Граѓанското општество изгубено во преводот

НЕЗАВИСНА И ОРГАНИЗАЦИЈА СО КРЕДИБИЛИТЕТ

17 **Партнерства, односи со јавноста и поддршка**

18 години МЦМС

ОРГАНИЗАЦИЈА СО ЛОКАЛНИ КОРЕНИ И ГЛОБАЛЕН ПОГЛЕД

18 **Организација**

Совет на МЦМС

Управен одбор на МЦМС

Персонал - Извршна канцеларија

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

19 Извештај од независниот ревизор

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2011 ГОДИНА

20 Биланс на состојбата

Биланс на приходи и расходи

# Македонски центар за меѓународна соработка

## ВИЗИЈА И МИСИЈА

Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.

Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми и предизвици, кои влијаат на другите актери и се вклучуваат во главните текови.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

## ЦЕЛИ И МЕТОДИ

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна организација и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост (на национално, на регионално и на меѓународно ниво);
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**

- Застапување (информирање, градење свест, едукација; креирање и влијание на политики; следење и барање одговорност);
- Развојна поддршка (капацитети и инфраструктура);
- Социјално-хуманитарна поддршка.

# Порака од раководството

Оваа 2011 година ја одбележаа големите општествени движења особено во арапскиот свет, но бевме сведоци и на протести во другите региони како и во Македонија. Финансиската криза продолжи и во 2011 година, особено по влошувањето на состојбата во еврозоната. Во второто полугодие имаше немири и на границата меѓу Србија и Косово.

Во Македонија годината беше исполнета со тензии меѓу власта и опозицијата, особено во периодот на кампањата за предвремените парламентарни избори. Изборите поминаа мирно и демократски, а за забележување и е поголемата излезност на граѓаните. И оваа година немаше поместување во евроатлантските интеграции на Македонија. Од економски аспект, Македонија и покрај светската финансиска криза, оствари раст. Во 2011 г. во земјата се одбележаа две значајни годишнини: 20 години независност и 10 години од Охридскиот рамковен договор.

МЦМС во 2011 година имаше вкупен обем (портфолио) од 19 проекти и буџет од околу 53 милиони денари. Реализацијата на портфолиото е целосна (еден проект над планот), додека на буџетот е 93% од планот.

Во 2011 г. по подолг период, МЦМС спроведе активности за следење и промоција на конструктивна атмосфера на изборите, за време на кампањата и на самиот изборен ден, наречени Интегрирана платформа за набљудување на изборите „Мојот избор 2011", во партнерство со Институтот за демократија и Македонскиот институт за медиуми. Од програмски аспект, покрај активностите за изборите, годината ја одбележаа истражувачките активности. Цивикус – Индекс на граѓанското општество и анализата на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор посебно се истакнуваат, како сеопфатни и потрајни истражувања. Покрај нив, беа спроведени и објавени 21 истражувачки извештаи, како и серија анализи на изборните програми. Во 2011 г. МЦМС ја иницира и поддржа подготовката на три локални стратегии за соработка со граѓанските организации, и тоа во општините Битола, Дебар и Јегуновце. Програмите „Добро управување во Македонија" и „Македонија – Модел за дијалог на културите" завршија, а започнаа со спроведување програмите „Пристап на Ромите до фондовите на ЕУ" (ПРФ) и „Форуми во заедниците" (ПФЗ).

Активностите за изборите и истражувачките активности доведоа до рекордна медиумска покриеност на МЦМС, 362 настапи и објави во медиумите. Исто така трендот на зголемување на посетеноста на веб-страницата на МЦМС продолжи и во 2011 година (22% поголема посетеност од 2010 г.).

Во однос на внатрешната организација, започна и процесот на стратешко планирање на МЦМС за следниот среднорочен период. МЦМС беше повторно избран за институција за раководење со Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП).

Годината ја одбележаа и изборот на ново извршно раководство на МЦМС и одбележувањето на 18-годишното постоење. Новиот Одбор на директори, по завршувањето на мандатот на досегашниот прв извршен директор, Сашо Клековски, го сочинуваат Александар Кржаловски и Димче Митрески.



**Александар Кржаловски**
**прв извршен директор**



**Димче Митрески**
**извршен директор**

# Промена на раководството

Во 2011 година МЦМС избра ново извршно раководство. Новиот Одбор на директори на МЦМС го сочинуваат Александар Кржаловски, прв извршен директор и Димче Митрески, извршен директор, со мандат до 2016 година.

Во годината кога организацијата го обележа своето 18-годишно постоење и работење, раководството го напушти Сашо Клековски кој исто толку години го водеше МЦМС. „Јубилејот од 18 години е поволен момент за следниот чекор во развојот на МЦМС. МЦМС е етаблирана и созреана организација, подготвена за пренесување на раководството од основачите и првото раководство на следната генерација. Промената на раководството е неопходна работа за јакнењето на секоја организација, а посебно за организација како МЦМС - предводник во граѓанското општество која треба да биде пример, и за демократска промена на раководството. Горд сум на инспиративната и импресивна приказна за МЦМС, на постигнатиот успех кој не е пример само за Македонија, туку и пошироко. Горд на МЦМС кој се одликува со дијалог и соработка, вклучување и кохезија, лидерство со визија, посветеност, транспарентност, учење... МЦМС покажа дека заедничката работа носи напредок“, вели Клековски.

Гледајќи назад, низ сработеното, Клековски издвои неколку моменти кои според него се најзначајни за МЦМС и за него лично. „Основањето на МЦМС, 1993 г. и првите години по тоа, група организации во Конзорциумот за Македонија ја обезбедија неопходната поддршка МЦМС да стане тоа што е денес. Почетните чекори во локалниот и руралниот развој, граѓанското општество и меѓуетничките односи во 1994-1997 г. Потоа во 1998 г. основањето на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) и добивањето на Наградата за демократија и граѓанско општество на САД и ЕУ. Следеа немирни години од 1999 до 2001 г. кои ги означија итната хуманитарна работа, првата мисија на МЦМС надвор од Македонија (во Косово), но и првата голема кампања „Цело е кога има се“. Во тешката 2001 г., покрај посветеноста на разрешување на конфликтот, МЦМС направи клучни чекори во развојот на граѓанското општество со издавањето на Граѓански свет, организирањето на првиот НВО саем и воспоставувањето на наградите за одржлив развој - „Херт Јан ван Апелдорн“ и за граѓанско општество и демократија. Годините на консолидација следеа од 2002 до 2007 г., во нив и новите почетоци со Граѓанската платформа на Македонија, БЦСДН и Сојузот Македонија без дискриминација. Последните години ги означи и зајакнатото влијание на јавни политики и вклучувањето во меѓусекторските институции.“

Во врска со постигнатото, Клековски вели дека за оценка на успехот е потребна одредена дистанца. „Доколку се фокусирам на секојдневието, секако дека некои работи можеле да бидат подобри, но ако погледнам долгорочно и споредам како беше пред 15 – 20 г., а како е сега, мислам дека можам да бидам задоволен од постигнатото.“



Сашо Клековски замина од раководството, но не и од МЦМС. Во периодот потоа, е советник за развојот на новата стратегија, „а за потоа“, вели, „зависи од развојот и меѓусебните договори“. За новиот Одбор на директори смета дека се професионалци со исклучителна посветеност и со големи заслуги за МЦМС. „Им посакувам континуитет, но и континуитет на промени, што е дел од успехот на МЦМС“, додаде Клековски.

# Модернизација на образованието

Целта е да се придонесе кон унапредување на квалитетот на наставата и зголемување на учеството во наставата во целните училишта на проектот.

Во текот на 2011 година беа реновирани две основни училишта. Во с. Кривогаштани се поставени нови подови во седум училници, обработени се ходниците и заменети дел од прозорците во приземјето и на првиот кат. Во Демир Хисар е направена реконструкција на шест санитарни јазли и промена на прозорците и вратите во дел од приземјето на училишниот објект. Активностите се спроведуваат веќе четири години. Финансиските средства ги обезбедува Сокотаб во соработка со своите партнери. Училиштата кои се реновираат се најчесто во рурални средини каде преовладува производството на ориентален тутун.

## Реновирањето заврши – радоста ќе трае!

На 5 октомври 2011 година никој во училиштето „Гоце Делчев“ во Демир Хисар не го криеше задоволството од завршувањето на реновирањето кое беше одбележано со свечена програма што ја подготвија учениците и нивните наставници.

„Ситуацијата во училиштето беше катастрофална уште кога јас учев во него“, вели Бети Коруновска која сега има две деца кои учат во ова училиште. „Време беше некој да обрне внимание на тој важен дел кој директно се однесува на здравјето на учениците“. Училиштето е градено пред повеќе од 60 години, а според зборовите на Горан Костовски, директор на училиштето, оттогаш е реновирано само еднаш, во средината на 90-тите години кога на подовите се ставени плочки. „Векот на траење на тоалетите одамна им беше поминат, состојбата беше очајна, а условите за одржување на хигиената многу тешки. Во последните два-три планови ова беше наш приоритет, ама секогаш се соочувавме со недостаток на финансии“, додава Костовски.

Во училиштето учат 366 ученици. „Пресреќни се“, вели Коруновска, „и малите и големите. Толку многу зборуваат за ова, дури сега откако заврши реновирањето, сфативме колку ги тиштел тој проблем“. За директорот Костовски споредба меѓу претходната и сегашната состојба не може да се направи, многу е голема разликата.

Костовски е изненаден и од соработката со МЦМС. „Во нашата средина сме немале досега такви активности и таква соработка – многу интензивно, многу коректно и многу брзо се одвиваа контактите и работата и се дојде многу изненадувачки за нас. Не верував дека се ова може да се сработи за еден месец, но праксата ме демантира. За еден месец, она што го чекавме години и години, заврши многу брзо. Во ваква мала средина, таква голема донација за толку краток период – како од бајките“, додава со насмевка.

И родителите и директорот имаат планови за идните инвестиции. „Хигиената да продолжи да се надградува, да се смени столаријата и подовите таму каде што има потреба“, вели Коруновска. За Ристе Велевски, домаќин во училиштето, приоритет е електричната инсталација и прозорците на северната страна. Сепак, овој успешен проект им дава надеж дека и другите планови ќе се реализираат.



*Сечењето на лентата симболично го означи крајот на реновирањето и новата, подобра, средина за учење на децата од ОУ „Гоце Делчев“ од Демир Хисар*

# Пристап на Ромите до фондови

Целта е да се зајакнат капацитетите на Ромите за аплицирање на фондовите на ЕУ.

На промоцијата на програмата, ромските ГО беа запознаени со програмските активности и беа поканети за учество. Се одржа обука за пристап до фондовите на ЕУ за 17 консултанти, кои ги поддржуваа ромските ГО при подготовката на проектни пријави. МЦМС ја подржа подготовката на 22 апликации од пријавени 42 проектни идеи. Беа подготвени девет концепти. Советодавниот комитет на ПРФ се состана два пати. Воспоставена е соработка со конзорциумот ББИ, кој обезбедува техничка помош за спроведувањето на проектот „Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите", финансиран од Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Во рамките на ПРФ, беше обезбедена поддршка за подготовка на локални акциски планови за Ромите на 11 општини со кои аплицираа на повик од конзорциумот ББИ. Од мај функционира веб-страница на ПРФ www.prf.org.mk , а за промоција на програмата беа отпечатени и дистрибуирани и брошури. Во јуни беше организирана средба во Кочани за запознавање на засегнатите страни од источниот регион со ПРФ.

## Подготовка за аплицирање за фондовите на ЕУ

Во март, МЦМС ја организира и спроведе обуката „Подготвување предлог-проекти". На обуката учествуваа 16 претставници од седум ромски граѓански организации и две општини.

Учесниците имаа можност да слушнат и научат повеќе за тоа кои се фазите во раководењето со проектниот циклус, планирањето насочено кон целите и анализа на ситуацијата, идентификување проблеми и цели, развивање критериуми за селекција и избор на стратегија на основа на дефинираните критериуми, показатели, ризици и активности.

„Предавањата и предавачите беа одлични, а материјата многу корисна за нас, кои доаѓаме од општинска администрација", ни кажа Џулијета Мемедова од општина Делчево. „Ние, како општина, многу малку сме ги користеле фондовите од ЕУ. Обуката ќе ми биде многу корисна за пристапот до фондовите и како се подготвуваат правилно проектите", додаде таа.

И за Нешад Аземовски од граѓанската организација „Биосфера" од Битола обуката беше доста корисна. „Обуката ги исполни моите очекувања. Методологијата беше добра, како и предавачите. Досега сум учествувал во подготовка и спроведување различни проекти, информациите и стекнатите знаења ќе бидат искористени за пристап до фондовите на ЕУ и професионалната работа. Обучувачите ни укажаа на што да внимаваме, на што да ставиме акцент, а дел од работите секако ќе ги градиме со искуството", вели тој.

Обуката е првиот чекор во создавање посебна група која ќе им помага на организациите (особено ромските) во подготовката на апликации за фондовите на ЕУ. Обуката ја спроведе МЦМС.



*Повеќе знаења и вештини за група обучувачи кои ќе ги водат ромските граѓански организации во процесот на аплицирање до фондовите на ЕУ*

# Развиени мали и средни претпријатија

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) е основана во 1998 година од страна на МЦМС. Нејзината визија е намалена сиромаштија и невработеност и воспоставена социјална кохезија.

Со обезбедување пристап до финансиски услуги  и промоција на претприемништвото, МРФП цели кон развој на малите и средни претпријатија што е дефинирано како мисија на организацијата. МЦМС ги врши сите раководни, стручни и административни работи за МРФП.

## Раководење со МРФП

Во декември, МРФП по четврти пат го избра МЦМС за институција за раководење за периодот 2012-2015 г. Изборот беше направен од страна на Одборот на старателите на МРФП  врз основа на професионалниот, организацискиот и финансискиот капацитет на МЦМС. Наедно, Одборот на старателите на МРФП на предлог на МЦМС како институција за раководење по втор пат ја именува Тетјана Лазаревска за извршен директор на МРФП за истиот период.

Во извештајниот период, исплатени се кредити во вкупен износ од околу 217 милиони денари (3.5 милиони евра) кон 1.147 микро и мали претпријатија. Со овие инвестиции поддржани се 1.421 постојни работни места кај кредитокорисниците и планирани се 475 нови работни места.

Со ова годишниот план е реализиран за 2,7 % повеќе од планираното во однос на бројот на клиенти и 98,5 % во однос на износот на исплатени кредити. Кумулативно, вкупно исплатените кредити од почетокот со работа на МРФП до 31.12.2011 г. е над 2,1 милијарди денари (34,9 милиони евра) кон 9.370 клиенти.

Во 2011 г. финансиските посредници исплатија микрокредити (до 15.000 евра) за 1.129 корисници и мали кредити (од 15.000 до 100.000 евра) за 18 корисници.

Во 2011 г. се спроведе програмата „Промоција на женското претприемништво во регионите Струга и Подградец“, а во тек е и спроведувањето на активностите од програмите: „Општествена одговорност на претпријатијата“ и „Економски активности во Косово“.

Продолжи програмската и организациската поддршка на Сојузот на стопанските комори (ССК), Стопанската комора на северозападна Македонија (СКСЗМ) и на Групата за развој на потсекторот домат и пиперка и во 2011 година, како и програмските активности за „Глобалното истражување за претприемништво“ (ГЕМ) и проектот „Избор на претприемач на годината“.

Повеќе информации за постигнувањата на МРФП можете да најдете на www.mrfp.mk.




*Од првиот форум во проектот посветен на општествената одговорност на претпријатијата кој се однесуваше на вложувањето во заедницата*

# Македонија – модел за дијалог на културите

Целта е да се подобрат меѓуетничките односи низ институционализирање успешни модели.

Во 2011 г. се спроведуваа вкупно пет проекти. За потребите на сеопфатното истражување за спроведувањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД) направени се повеќе анкети и објавени се четири публикации: Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност; Меѓуетничките односи во Македонија; ОРД - Студии на случај и ОРД – интервјуа. За Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) беа организирани осум обуки и менторство за ревизија и подготовка на стратешкиот план и програмата за работа. МЦМС ја поддржа Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД). Во рамките на МОСТ, беа спроведени студиски посети во Северна Ирска и во Македонија за претставници на медиумите. Тројца претставници од Македонија учествуваа на конференции организирани од Обединетата македонска дијаспора (ОМД) во Соединетите Американски Држави, како почетна активност за соработка со дијаспората од Македонија.

## Во Македонија и не е толку лошо!

Од 24 јуни до 1 јули МЦМС ја реализира третата по ред студиска посета на Северна Ирска како дел од проектот Мост, овој пат наменета за новинари и претставници на организации кои соработуваат со медиумите и новинарите.

За вовед во 30-годишниот конфликт, учесниците ги посетија т.н. „Ѕидови на мирот“ подигнати помеѓу домовите на протестантската и католичката заедница. Низ деловите каде живее католичката заедница ги водеше Тим Браниган, католик и поренешен соработник на Ирската републиканска армија (ИРА) кој заради тоа одлежал 5 години во затвор. Водич низ протестантската заедница беше Тони Меколи, поранешен разнесувач на весници и активен медијатор во мировниот процес.

Ѕидовите на мирот, кои во некои подрачја на Белфаст достигнуваат и до 10 метри, често се „облагородени“ со т.н. мурали, односно слики кои треба да ги потсетуваат минувачите и оние кои живеат покрај нив на ликовите на оние кои загинале во конфликтот.

Учесниците се интересираа како во вака поделени заедници функционира животот. Во здравствениот систем, на пример, тенденцијата била да се направи по еден помал здравствен центар во секоја од заедниците. Во поголемите центри, персоналот е мешан, но сепак претежно протестантски или католички во зависност од тоа каде е изграден центарот. „Мојата прва средба со 'другите', вели Тони Меколи, беше на една вакцинација. Се сеќавам дека бев зачуден дека тие се исти како нас?!“ Училиштата се поделени. Тие често служат како средство за идентификација на која заедница ѝ припаѓаат.

Иако можеби немаше доволно време за целосно разбирање на комплицираниот конфликт во Северна Ирска, мировните ѕидови беа многу „речливи“, сметаат учесниците на студиската посета. Ситуацијата во Македонија може и не е толку лоша како што мислевме претходно, сметаат тие.



*Новинарите од Македонија при посетата на Ларн каде низ дискусии во заедницата се одвива процесот на помирување меѓу католиците и протестантите*

# Градење капацитети за Пелагонискиот плански регион

Целта е да се зајакнат капацитетите на актерите кои придонесуваат кон одржливоста и развојот на Пелагонискиот плански регион.

Спроведени се седум обуки, а паралелно со нив се направени потребните консултации за подготовка и изработка на водич за инвестирање во пелагонискиот регион. Се реализираа три локални промоции (во Демир Хисар, во Ресен и во Могила) и две меѓународни (Лерин, Грција и Корча, Албанија), каде што беа презентирани бизнис-можностите за привлекување домашни и странски инвеститори во Пелагонија.

На завршната конференција на проектот беа презентирани резултатите и беа промовирани водичот и веб-порталот www.pelagonijabiznis.mk.

**Регионално и меѓународно презентирање на бизнис можностите**

Во текот на мај и јуни беа одржани неколку презентации на бизнис можностите што се нудат во општините Демир Хисар, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Ресен, Могила и Новаци. Презентациите ги опфатија индустриските зони и погодностите што општините ги нудат за олеснување на бизнис иницијативите. Покрај индустриските зони, беа презентирани и другите потенцијали како што се можностите во алтернативниот, езерскиот, културниот и руралниот туризам.

Презентации беа одржани и во Лерин, Грција и во Корча, Албанија. Беа претставени бизнис можностите во сите девет општини од Пелагонискиот регион. Во текот на презентацијата во Корча, присутните бизнисмени од Албанија беа најмногу заинтересирани за законската регулатива за инвестирање во хидроенергетски потенцијали, даночните олеснувања за странските инвеститори, и генералната политиката на субвенционирање која Република Македонија ја спроведува. На крајот на настанот беа дискутирани развојни идеи кои би можеле да се реализираат со партнери од Р. Македонија.

За потребите на презентациите беше подготвен Водич за инвестирање во Пелагонискиот регион кој им овозможува на потенцијалните инвеститори детален преглед на инвестициските потенцијали со кои располага регионот и секоја од деветте општини поединечно.

Информациите во Водичот се клучни за успешно почнување и завршување на еден инвестициски циклус. Тој содржи податоци во врска со деветте индустриски и развојни зони во регионот, како и компаративните развојни предности на секоја од општините во Пелагонија. Водичот е достапен на албански, на англиски и на грчки јазик.

Покрај водичот, беа подготвени и видео спот и веб портал (www.pelagonijabiznis.mk). На сите презентации, освен заинтересирани бизнисмени, присуствуваа и високи претставници на локалната самоуправа. Презентациите ги организираше Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, а ги спроведе МЦМС.



*Од завршната конференција на проектот одржана во септември 2011 година.*

# Форуми во заедниците

Целта е да се воспостават партиципативни пристапи во заедниците.

МЦМС спроведуваше проектни форуми во општините Крива Паланка и Чешиново-Облешево и буџетски форум во општината Македонски Брод.

Во општините Крива Паланка и Македонски Брод беа одржани по пет форумски сесии, а на последната од нив граѓаните по пат на гласање го избраа проектот „Реконструкција на дел од главната улица Св. Јоаким Осоговски на локалитет Стара чаршија", односно „Уредување на кејот и изградба на патека за пешачење, трчање и други спортски активности покрај речното корито во централното градско подрачје". Форумските сесии во Чешиново-Облешево започнаа во октомври и до крајот на годината се одржаа две.

## Ќе се реконструира главната улица во Крива Паланка

Граѓаните на Крива Паланка, на 21 декември 2011 година, на петтата форумска сесија го избраа проектот кој ќе се спроведува со средствата од програмата Форуми во заедницата. „Со реконструкција на делот од главната улица на локалитетот Стара чаршија истовремено ќе се решат повеќе проблеми кои ги мачат граѓаните", рече во своето обраќање до граѓаните Валентина Ангеловска, во името на работната група која го подготви проектот. „Дотраениот коловоз од коцки ќе се замени со асфалт, пешаците ќе добијат тротоари за безбедно движење, ќе се реши атмосферската канализација, улицата ќе се електрифицира и ќе се санира паднатиот потпорен ѕид кај Зелениот пазар. Со тоа ќе се подобри квалитетот на животот на граѓаните, а Крива Паланка ќе добие подобар изглед на централното градско подрачје", додаде таа.

Проектот го надминува фондот од 2,8 милиони денари кои ги обезбедија Швајцарската агенција за развој и соработка и општината Крива Паланка. Затоа, градоначалникот, Арсенчо Алексовски, од името на локалната самоуправа, изрази подготвеност општината да ги обезбеди потребните дополнителни средства (вкупниот буџет на проектот е околу пет милиони денари) за да може проектот да се реализира во целост.

Кристина Хаџи-Василева, извршна директорка на Единицата за координација на форумите и Димче Митрески, извршен директор на МЦМС, им честитаа на граѓаните на Крива Паланка за успешно завршениот процес во кој до израз дојде нивната партиципација, ентузијазмот и енергијата со кои се впуштија во наоѓање решенија на проблемите.

Оливера Станковска и Горан Георгиев во името на учесниците на форумот му ја предадоа на градоначалникот листата со препораки во која се наведени голем број приоритетни проблеми на граѓаните, како и другите четири предлог-проекти, кои не обезбедија финансиска поддршка од Форумот.

Спроведувањето на проектот ќе се одвива до ноември 2012 година кога ќе биде организирана последователната форумска сесија на која ќе бидат презентирани резултатите од сработеното.



*На форумските сесии граѓаните разговараа за проблемите но, и за најдобрите решенија за нивно надминување*

# Добро управување во Македонија

Целта е да се зголеми одговорноста на институциите, граѓанските организации и граѓаните.

Се спроведуваа пет проекти. Како дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво", издадени се пет публикации, а во партиципативен процес подготвени се и донесени стратегии за соработка со граѓанските организации во трите пилот-општини Битола, Дебар и Јегуновце.

Во соработка со ОБСЕ, беа одржани работилница и обуки за вклучување на граѓаните во носењето на законите. МЦМС презеде активности за набљудување на изборите.

**Три стратегии за соработка на општините со граѓанските организации**

МЦМС, заедно со општините Битола, Дебар и Јегуновце и граѓанските организации од овие општини подготвија стратегии за соработка на општините со граѓанските организации. Сите информации беа достапни на веб сајтот www.mcms.org.mk/gdln

Работни групи составени од двајца претставници на општината, советник и лице задолжено за соработка со граѓанските организации и двајца претставници на локалните граѓански организации со поддршка на МЦМС ги подготвија предлог-стратегиите. Потоа беше направена широка консултација со претставници на граѓанските организации и советот на општината.

„Општина Битола гради долгорочни односи со граѓанските организации и ги вклучува во креирањето на локалните политики, а соработката со нив е од особена важност", изјави Силвана Ангелевска, претседателката на Советот на општина Битола, на еден од форумите за консултации, давајќи поддршка за процесот.

За стратегиите се зборуваше и на националната конференција „Граѓански дијалог на локално ниво: размена на искуства". Сашо Лазаровски, заменик-министер за локална самоуправа, нагласи дека соработката со граѓанскиот сектор е услов за добро владеење на локално ниво и изрази подготвеност Министерството за локална самоуправа и во иднина да ги поддржува општините, како партнер во обезбедување техничка и финансиска помош. За значењето на стратегија за соработка со ГО за општина Дебар зборуваше Арберор Баша, советник за ЛЕР: „Општината Дебар, како главен актер за иницијативи од јавен локален карактер, преку овој документ не претендира да замолчи, туку да мотивира, не само да зборува, но и да слушне, не да контролира, но и да создава клима каде што граѓанскиот сектор во вистинска смисла ќе се развие. Се претпоставува дека развиените механизми ќе придонесат кон поконсолидиран и пооддржлив граѓанскиот сектор", рече тој.

Трите стратегии на крајот на годината беа усвоени од страна на советите на општините. Тие, како што рече Ирена Иванова, програмски директор во Делегацијата на Европската Унија, ќе бидат добар пример за регионалните стратегии за соработка со граѓанските организации чие донесување Европската Унија планира да го поддржи наредната година.

*Покрај вестите за активностите, на www.mcms.mk/gdln се поставија сите истражувања и публикации и информации поврзани со подготовката на стратегиите*



# Добро управување во Македонија

## Мојот избор 2011

По подолг период, МЦМС се одлучи да преземе активности за набљудување на изборите. Целта беше да се влијае на доброто владеење во Македонија, преку јакнење на професионалната и транспарентна работа на изборните органи, професионалното и етичко известување  за изборите во медиумите и промоција на конструктивен демократски дискурс за време на кампањата и самиот изборен ден.

Беа анализирани изборните програми на политичките партии и беа подготвени 12 извештаи во исто толку подрачја. Се изготви и целосен преглед на сите кандидати за пратеници, по партија/коалиција и по изборна единица. За оние на водечките позиции на листите, се објавија кратки биографии, според достапните информации на интернет или од самите партии. Анкети беа направени и за рејтинзите на политичките партии, а покрај нив, на веб-платформата „Мојот избор 2011" беа објавени на едно место и анализите од други агенции. Официјалниот линк каде можеше да се добијат информациите е www.mojotizbor.mk.

Се набљудуваа и изборните кампањи и изборниот процес со 15 регионални координатори и 100 набљудувачи за денот на изборите. Поточно, се следеа состаноците на општинските изборни комисии, избирачките одбори, митинзите на политичките партии, како и самиот изборен процес. На „Мојот избор 2011" беа поставени информации за најавените митинзи, собири и други активности на партиите, а координаторите известуваа и за инциденти, нерегуларности или позитивни примери од текот на кампањата. За прв пат во Македонија беше овозможено и директно пријавување „он-лајн" на изборни нерегуларности, преку интерактивно „геомапирање" на веб-платформата www.mojotizbor.mk/prijavi.

Следењето на медиумите ги вклучуваше главните вести на националните електронски медиуми и водечките весници на македонски и на албански јазик, од кое произлегоа две објави за наодите пред и целосен извештај по изборите. Се оствари и соработка со Daily.mk за следење на интернет-трендовите во кампањата, за секоја од наведените области и теми преку агрегирање на онлајн вести од интернет изданијата на медиумите. Вестите на темата како и анализи на информациите беа достапни на www.daily.mk/izbori.

Покрај тематските анализи на изборните програми, се објавија и осум посебни извештаи: Профилот на мојот пратеник; Изборни нерегуларности; Интернет-присуство на партиите во изборите 2011; Профил на мојот пратеник; Изборните кампањи на политичките партии; Рејтинзи на политичките партии; Споредба на анкетите со изборните резултати; и два извештаја од интегрираното набљудување за изборите „Мојот избор 2011". Во октомври беше спроведена анкета и објавен извештај „Спорот за името Македонија - ставови на јавноста", а во ноември „100 дена Влада - перцепции на граѓаните на РМ".

Активностите се спроведуваа во партнерство со Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ).




*На www.mojotizbor.mk беа презентирани рејтинзи на политички партии, профили на кандидатите, изборни програми, кампањите на политичките партии самиот изборен процес и известувањето на медиумите за него*

# Институционален развој на граѓанското општество

Целта е креирање овозможувачка околина за ефективно функционирање на граѓанските организации.

Се спроведуваа десет проекти. Беше објавен аналитички извештај и резиме и препораки за идните политики за развој на ГО, насловени „Долг пат до поголем граѓански ангажман". Беа објавени две посебни изданија на „Граѓански практики" и подготвени три истражувачки извештаи. Подготвена е регионална студија за состојбата со социјалниот и граѓанскиот дијалог во земјите од Западен Балкан за Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК). Беше подготвен „Водич за пререгистрација на здруженијата на граѓани" и беа организирани два информативни настани.

Со цел да се подобри соработката меѓу ГО во пограничниот регион со Албанија, беа организирани средби, обуки, и работилници во Македонија и во Албанија. МЦМС испорача обуки, работилници и консултации за актери во Македонија и во Косово.

## „Долг пат до поголем граѓански ангажман"

МЦМС по втор пат го спроведе сеопфатното истражување за граѓанското општество „Цивикус – Индекс на граѓанското општество". Наодите од истражувањето беа презентирани и расправани на организираните шест регионални фокус-групи и на национална работилница.

„Потребно е понатамошно меѓусебно запознавање и признавање на граѓанските организации", беше пораката што провејуваше во текот на националната работилница. Учесниците идентификуваа јаки и слаби страни на ГО и дадоа препораки за нивниот иден развој. „Граѓанското општество е силно благодарение на неговата разноличност, на флексибилноста, на иницијативноста за прашањата од општествен карактер, на човечкиот капитал со кој располага", беше речено на работилницата. Осврнувајќи се на слабостите на граѓанското општество, учесниците на националната работилница идентификуваа дека постои јаз меѓу граѓанските организации и граѓаните, дека не се доволно транспарентни и дека не ги користат доволно широко распространетите социјални мрежи. Недостасуваат активности за најприоритетните општествени предизвици, сиромаштијата и вработувањето, а недостасуваат и показатели за успех.

Граѓанското општество да прерасне во движечка сила за искоренување на сиромаштијата и борба против корупцијата, е една од препораките на Извештајот. Постигнат извесен успех во влијанието на јавните политики, но треба да се воспостават приоритетите, очекувањата и показателите. Потребни се поголеми напори за финансиска одржливост на ГО и обезбедувањето поддршка од државата во ситуација на повлекување на традиционалните странски донатори и малата поддршка од граѓаните и деловниот сектор. Исто така, потребно е поместување од активности за донесување на политиките, кон следење на нивното спроведување и соработка во таа насока со сите актери, како и вклучување во буџетскиот процес во земјата. На граѓанските организации им е потребно интензивирање на односите со јавноста и членството за да ги презентираат постигнувањата пред граѓаните.




*Дијамант на граѓанското општество во Македонија*

# Институционален развој на граѓанското општество

## Истражувања за граѓанското општество

Беа подготвени три извештаи и дополнителни кратки известувања за актуелната состојба во земјата.

Првиот извештај, „Довербата во Македонија" ја проверуваше довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество. Истражувањето покажа дека граѓаните имаат ниска општа доверба (9,7 %), а дека довербата во институциите е стабилна. Стабилноста е задржана, и покрај големиот пад во довербата во медиумите (53,6 % во 2008 г., на 40,4 % во 2010 г.) и умерениот пад на довербата во државата и во политичките партии, поради растот на довербата во граѓанскиот сектор (41,7 % во 2008г., на 48,1 % во 2010 г.) и меѓународната заедница (42,8 % во 2008г., на 49,1 % во 2010 г.) Општата доверба во граѓанските организации е 42,5 %, но кога од граѓаните е побарано да се изјаснат за организациите од десет конкретни потсектори, довербата е повисока (58,5 % кај водечкиот сектор). Црквите и верските заедници имаат највисока доверба од граѓаните (62,9 %) меѓу чинителите на граѓанското општество.

Со вториот извештај „Општествената одговорност на граѓаните" се испита граѓанската одговорност за општествените прашања во Македонија, а со тоа и граѓанскиот ангажман. Нема промени во очекувањата од државата, таа сè уште е најодговорна за решавање на општествените потреби (50,5 %), како и во 2009 (51,9 %). Постои висока согласност (72 %) за тоа дека новиот развој, вработување и оспособување на граѓаните се решение за проблемите. Луѓето треба да преземат повеќе одговорност за грижата за самите себе, сметаат 55,9 % од граѓаните, 59,9 % од граѓаните сметаат дека треба да се зголеми приватната сопственост врз претпријатијата, а 53,5 % сметаат дека државата треба да им даде повеќе слобода на претпријатијата.

Во третиот извештај „Македонските општествени вредности" се анализираа ставовите на граѓаните за битните прашања кои влијаат на социо-културниот контекст во кој дејствува граѓанското општество. Граѓаните ја сметаат поважна еднаквоста (52,1%) наспроти индивидуалните слободи (41,5%). Тоа е потврдено и од рангирањето на овие две вредности на листата на лични вредности (6,9 % наспроти 4,3 %). Повеќето граѓани (62,1 %) преферираат помали разлики во платите, за сите да имаат подеднакво. Наодите покажаа и дека Македонија во социјална смисла е традиционална земја. Во прилог на тоа се високата религиозност (околу 80 %), постоењето апсолутни стандарди (62,7 % од граѓаните сметаат дека има една вистинска религија), неоправданоста на разводот, абортусот, евтаназијата и хомосексуалноста.

Во две изданија на Граѓански практики беа објавени вкупно 10 прикази кои се однесуваа на граѓанскиот ангажман и на влијанието и околината на граѓанските организации.

Исто така се објавија и неколку соопштенија до јавноста за актуелните прашања во земјата: проблемот со името на земјата и предвремените избори.




*Сите извештаи се достапни на www.mcms.org.mk*

# Раководење со БЦСДН

Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) ја сочинуваат 14 граѓански организации од 10 земји од балканскиот регион: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Косово, Македонија, Романија, Словенија, Турција и Србија. МЦМС раководеше со Извршната канцеларија на БЦСДН до крајот на 2011 година.

Во 2011 година, на БЦСДН ѝ се придружија две нови членки: ТУСЕВ од Турција и Партнерс Албанија. На стратешка работилница беа ревидирани мисијата и стратешките цели на мрежата.

Комплетирано е истражувањето за состојбата со донаторските стратегии и пракси за поддршка на развојот на граѓанското општество. Објавена е и анализа на извештаите за напредок на ЕК од 2011 со фокус на ГО. БЦСДН продолжи со активно обновување на веб-страницата и со дистрибуција на нови изданија на неделни вести (E-mail alerts) споделени со преку 1.100 читатели. Беше подготвено и ново издание на билтенот, а беше воведена и нова категорија на веб-страницата посветена на членките. Повеќе информации за активностите на БЦСДН на http://www.balkancsd.net.

## Граѓанското општество изгубено во преводот

Во ноември, БЦСДН во соработка со канцеларијата ГМФ (German Marshal Found) организираше политичка работилница во Брисел на тема „Граѓанското општество - Изгубени во преводот? Донаторски стратегии и практики за поддршка на развојот на граѓанското општество на Балканот". Вкупно 50 учесници од институциите на ЕУ и граѓанското општество базирано во Брисел го споделија своето мислење со она на членките на БЦСДН за одржливите стратегии и практики за граѓанското општество. Важно е да се истакне присуството на голем број функционери од ЕУ, кои директно се занимаваат со програмирање и креирање политики за развој на граѓанско општество. На работилницата беа пренесени наодите од истражувањата меѓу главните донатори присутни во регионот откривајќи дека ЕУ е главен актер на донаторската агенда и според обемот на финансирање, но се уште не е целосно искористен. Исто така, истражувањето покажа дека проблемот не лежи во приоритетите на донаторот, туку во методологијата што се користи за поддршка на граѓанското општество, односно во недостатокот на долгорочна заедничка финансиска поддршка посебно од страна на ЕУ и другите мултилатерални донатори. Дебатата беше фокусирана на трендовите на финансирање на граѓанското општество на Балканот и на стратегии кои можат да обезбедат континуиран и одржлив развој на граѓанското општество во регионот.

Некои од главните наоди на истражувањето се и дека постои тенденција кон поддршка на поголема регионална и прекугранична иницијатива; дека 80% од донаторите обезбедуваат краткорочни финансирања, до 24 месеци, а само 25% обезбедуваат долгорочни, програмски финансирања. Постои јасна дистинкција меѓу донаторите во поглед на методите на поддршка: мултилатералните донатори доминираат во краткорочните проекти (до 24 месеци) и во сервис-договорите, додека ниту еден од нив не обезбедува долгорочни, општи финансирања.



*Презентација на наодите од истражувањето за донаторските стратегии и практики за поддршка на развојот на граѓанското општество на Балканот*

# Партнерства, односи со јавноста и поддршка

## 18 години МЦМС

МЦМС одбележа 18 години постоење и работење. Преку 18-дневна кампања која се одвиваше преку веб-страницата на МЦМС и социјалните медиуми беше направено потсетување на постигнувањата на МЦМС. Еден ден за секоја година, низ една карактеристична приказна произлезена од проектите, како 18-годишен времеплов на МЦМС.

МЦМС спроведе 1.544 проекти со вкупен буџет од 48.500.000 евра. Најголем дел од финансиите беа користени за основна и итна помош (31 %), а најмногу проекти се однесуваа на граѓанското општество и демократијата (36 %). Најголем дел од средствата (71 %) што ги обезбеди МЦМС за спроведување на своите активности беа од Конзорциумот за Македонија (составен од агенции поврзани со Светскиот совет на црквите), потоа од сопствени приходи (12 %), од ЕУ и од други владини и меѓувладини агенции (12 %) итн.

Повеќе од половината проекти (58 %) се спроведени со финансиска поддршка кон други организации, а 19 % се спроведени преку обуки и консултации. МЦМС во своето 18-годишно работење поддржа проекти за водоснабдување во 244 села. Се спроведоа 673 обуки преку кои беа обучени 13.429 претставници, не само на граѓанскиот сектор, туку и на државната администрација, локалните самоуправи и бизнисот.

На 14 декември, на прославата на 18-годишнината, вработените си посакаа уште многу предизвици кои ќе ги водат во зрелите години на постоењето на МЦМС, уште многу вредни и посветени луѓе кои ќе работат на остварување на целите и уште многу соработници со кои ќе се остварат новите постигнувања.




*18 годишното работење беше презентирано во два инфографици*



*Од лево: Мирко Спироски, Наташа Габер-Дамјановска и Ризван Сулејмани, поранешните и актуелниот претседател на управен одбор*

# Организација

## СОВЕТ НА МЦМС

Ахмет Јашаревски; Бехиџудин Шехапи; Беким Имери; Билјана Герасимовска-Китановска; Владимир Тодоровиќ; Газменд Ајдини; Дилбера Камберовска; Душица Перишиќ; Душко Кантарџиев; Ѓоко Ѓорѓевски; Ѓунер Исмаил; Елена Николова; Звонко Шаврески; Ило Трајковски; Јагуп Селимовски; Келменд Зајази; Кочо Анѓушев; Михаил Цеков; Пепо Леви; Рами Ќерими; Ратко Лазаревски; Ризван Сулејмани; Славко Велевски

## УПРАВЕН ОДБОР НА МЦМС

- **Ризван Сулејмани**
  претседавач, доктор по политички науки, директор на Институтот за политички и меѓукултурни студии во Скопје
- **Кочо Анѓушев**
  директор на ЕФТ-МК и претседател на Управниот одбор на Брако
- **Билјана Герасимовска-Китановска**
  доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар Скопје, член на ЕСЕ – Скопје
- **Бехиџудин Шехапи**
  претседател на Ел хилал, Скопје
- **Горан Михајловски**
  главен и одговорен уредник на „Вест“
- **Ѓоко Ѓорѓевски**
  Секретар на МПЦ и амбасадор на РМ во Ватикан
- **Јагуп Селимоски**
  Директор на сектор во ИВЗ
- **Славко Велевски**
  градоначалник на општина Могила

## ПЕРСОНАЛ - ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

**Прв извршен директор**
Сашо Клековски - до јуни 2011 г.
Александар Кржаловски –од јули 2011 г.
akr@mcms.mk

**Извршен директор**
Александар Кржаловски – до јуни 2011 г.
Димче Митрески - од јули 2011 г.
dmt@mcms.mk

**Односи меѓу заедниците и Балкан**
Тања Хафнер-Адеми
Дервиша Хаџиќ-Рахиќ
Илина Нешиќ

**Група за информации**
Гонце Јаковлеска | gjk@mcms.mk
Грамоз Шабани
Борис Ристовски | brs@mcms.mk

**Група за развој**
Димче Митрески - до јуни 2011 г.
Горан Јорданоски | gjr@mcms.mk

**Група за граѓанско општество**
Емина Нурединоска | enr@mcms.mk
Валентина Чичева | vch@mcms.mk
Даниела Стојанова | dst@mcms.mk
Марија Саздевски | msz@mcms.mk
Симона Огненовска | sog@mcms.mk

**Група за вработување**
Тетјана Лазаревска | tlz@mrfp.mk
Лазар Неданоски | lnd@mrfp.mk
Глигор Михаиловски | gmh@mrfp.mk
Јасмина Поповска | jpp@mrfp.mk
Фисник Шабани | fsh@mrfp.mk

**Административна група**
Милка Божиновска-Миова | mmv@mcms.mk
Кренар Кука | kkk@mcms.mk
Адис Рахиќ | arh@mcms.mk
Данило Митов | dmv@mcms.mk
Весна Богдановска



# Независно ревизорско мислење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**СОВЕТОТ НА**
**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2011 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка заклучно со 31 декември 2011 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

*Останати прашања*

Финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2010 година беа ревидирани од страна на друго ревизорско друштво кое во својот извештај од 9 март 2011 година изразило мислење без резерва.

Скопје, 17 април 2012 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија
МУР СТИВЕНС
ДОО
СКОПЈЕ

## Биланс на состојбата

| Опис | Заб. | И 2011 | И 2010 |
|---|---|---|---|
| **А. СРЕДСТВА** | | | |
| Постојани средства | | | |
| Основни средства | 2 | 13.817 | 13.686 |
| Нематеријални вложувања | 3 | 960 | 660 |
| Фонд за домување | 4 | 7.604 | 7.604 |
| **Вкупно постојани средства** | | **22.381** | **21.950** |
| Обртни средства | | | |
| Парични средства | 5 | 2.043 | 11.908 |
| Аванси | 6 | 2.145 | 2.414 |
| Побарувања од купувачите | 7 | 3.459 | 2.617 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 8 | 61.770 | 61.501 |
| Останати побарувања | 9 | 3.611 | 7.613 |
| **Вкупно обртни средства** | | **73.027** | **86.053** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **95.408** | **108.003** |
| **Б. ОБВРСКИ И ФОНДОВИ** | | | |
| Краткорочни обврски | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 10 | 444 | 6.457 |
| Други краткорочни обврски | 11 | 5.160 | 1.473 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **5.604** | **7.930** |
| Пасивни временски разграничувања | 12 | 0 | 1.003 |
| **Вкупно пасивни временски разгранич.** | | **0** | **1.003** |
| Примени приходи за следни години | 13 | 0 | 3.727 |
| **Вкупно обврски** | | **5.604** | **12.661** |
| Резервации за награди и други бенефиции за вработени | 14 | **0** | **454** |
| Фондови и резерви | | | |
| Фондови | 15 | 94.888 | 98.538 |
| Разлика приходи/расходи во тековен период | | -5.083 | -3.651 |
| **Вкупно фондови и резерви** | | **89.804** | **94.888** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ и ФОНДОВИ** | | **95.408** | **108.003** |

## Биланс на приходи и расходи

| Опис | Заб. | И 2011 | И 2010 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | | | |
| Донации и грантови | 16 | | |
| Црковен развоен серис (ЕЕД), Германија | | 3.108 | 4.304 |
| Институт отворено општество (ОСИ) Будимпешта | | 3.756 | 0 |
| Сокотаб и партнери, Швајцарија | | 5.290 | 6.024 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | | 5.378 | 30.109 |
| Европска Унија | | 7.187 | 4.688 |
| Други донатори (Цивикус) | | 853 | 5.917 |
| **Вкупно донации и грандови** | | **25.571** | **51.042** |
| Сопствени приходи | 17 | | |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | | 10.727 | 7.165 |
| Балканска мрежа за развој на Г.О. (БЦСДН) | | 1.248 | 1.100 |
| Орг. за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) | | 1.608 | 4.643 |
| Други сопствени приходи | | 4.517 | 1.349 |
| **Вкупно сопствени приходи** | | **18.100** | **14.257** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 18 | 3.736 | 4.551 |
| Вонредни приходи | 19 | 1.123 | 683 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 20 | **48.530** | **70.533** |

| Опис | Заб. | И 2011 | И 2010 |
|---|---|---|---|
| **Б. РАСХОДИ** | | | |
| **Добротворни расходи** | | | |
| Проекти за модернизација на образо. (ПМО) | 21 | 4.608 | 5.172 |
| Раководење со МРФП | 22 | 186 | 124 |
| Пристап на Ромите до ЕУ фондови (ПРФ) | 23 | 1.466 | 0 |
| Оспособување на жени од подрачја на конфликтот (ОЖ | 24 | 0 | 0 |
| Модел за дијалог меѓу културите (МДК) | 25 | 4.596 | 3.734 |
| Градење на капацитет на ПРР (ЛРР) | 26 | 761 | 1718 |
| Форуми во заедниците (ПФЗ) | 27 | 273 | 0 |
| Добро управување (ДУМ) | 28 | 7.809 | 27.109 |
| Институцион. развој на граѓа. општество (ИРГ) | 29 | 5.210 | 2.622 |
| Раков. со Балканската мрежа за ГО (БЦСДН) | 30 | 1.310 | 81 |
| **Вкупно добротворни расходи** | | **26.218** | **47.033** |
| **Оперативни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 31 | 17.719 | 17.049 |
| Други оперативни расходи | 32 | 8.992 | 9.265 |
| Информации и публикации | 33 | 544 | 496 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **27.255** | **26.810** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 34 | **53.473** | **73.843** |
| Данок | | | |
| **БИЛАНС пред оданочување** | | **-4.943** | **-3.310** |
| Данок | | -141 | -341 |
| **БИЛАНС** | | **-5.083** | **-3.651** |

# Годишен извештај за 2011 година


**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Адреса на издавачот**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" б.б.,
п. фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија

**Контакт**
Телефон: 02/3065-381
Факс: 02/3065-298
e-mail: mcms@mcms.mk
www.mcms.mk

**Одбор на директори**
Александар Кржаловски
Димче Митрески

**Одговорен уредник**
Гонце Јаковлеска, МЦМС

**Лектор**
Даниел Медароски

**Фотографии**
Фотоархива на МЦМС

**Графички дизајн**
Борис Ристовски, МЦМС


МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2011 година

МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА